# П Р О С П Е К Т

## ЗА ОБВРЗНИЦИТЕ ИЗДАДЕНИ ОД СТРАНА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА НАМИРУВАЊЕ НА ПОБАРУВАЊАТА НА ГРАЃАНИТЕ ПО ОСНОВ НА ДЕПОНИРАНИТЕ ДЕВИЗНИ ВЛОГОВИ

## РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ, ДАМЕ ГРУЕВ 14, СКОПЈЕ

Република Македонија, согласно Законот за начинот и постапката на исплатување на депонираните девизни влогови на граѓаните по кои гарант е Република Македонија (Службен весник на РМ бр.32/00), издава обврзници за намирување на обврските на сопствениците на депонираните девизни влогови.

## ВИД НА ДОЛЖНИЧКА ХАРТИЈА ОД ВРЕДНОСТ

| | |
|---|---|
| - вид на хартијата од вредност | обврзници што гласат на име, се издаваат во нематеријализиран облик и се деноминирани во ЕВРО. |
| - номинална вредност | номиналната вредност на обврзницата е износот на девизниот штеден влог со пресметаната камата до 30 април 2000 година намален за исплатите од член 4 од Законот за начинот и постапката на исплатување на депонираните девизни влогови на граѓаните по кои гарант е Република Македонија. |
| - рок на достасување | 1 октомври 2011 година. |
| - каматна стапка | на обврзниците се пресметува камата во висина од 2% годишно и тоа на остатокот на расположивата главнина за наплата |
| - начин на отплата | главнината и каматата се отплатуваат во полугодишни рати |
| - период на отплата на главницата | главнината се отплатува во 20 полугодишни рати на 1 април и 1 октомври, започнувајќи од 1 април 2002 година, а заклучно со 1 октомври 2011 година. |

| | | |
|---|---|---|
| - | период на отплата на каматата | каматата на обврзниците се отплатува на 1 април и 1 октомври, започнувајќи од 1 април 2001 година, а заклучно со 1 октомври 2011 година |
| - | правен статус | Средствата за исплата на обврските по основ на обврзниците ги обезбедува Република Македонија<br>Обврските по основ на обврзниците имаат еднаков третман со сите други обврски на Република Македонија. |
| - | оданочување | приходите врз основа на камата и капитална добивка на обврзниците не се оданочуваат. |
| - | право на откуп на обврзниците | Република Македонија, може во секое време да изврши откуп на обврзниците пред рокот на нивното пристигнување според условите, начинот и постапката кои ги утврдува Владата на Република Македонија. |

**ВКУПНИОТ ИЗНОС НА КОЈ СЕ ИЗДАВААТ ОБВРЗНИЦИТЕ Е ВО ВИСИНА ДО 550.000.000,00 ЕВРА.**

**ТРГУВАЊЕ СО ОБВРЗНИЦИТЕ**

По усвојувањето на барањето за котација на обврзниците на првиот официјален пазар, со обврзниците ќе се тргува на Македонската берза на долгорочни хартии од вредност-АД-Скопје.

Со обврзниците можат да тргуваат домашни и странски физички и правни лица.

Тргувањето се врши со обврзниците кои се упишани во овластената институција за водење на регистарот на обврзниците во нематеријализиран облик.

**ПОЧЕТОК СО ТРГУВАЊЕ НА ОБВРЗНИЦИТЕ**

Тргувањето на обврзниците започнува на 19.09.2000 година

**ПРОСПЕКТОТ СЕ СТАВА НА РАСПОЛАГАЊЕ ВО ПОДРАЧНИТЕ ЕДИНИЦИ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ, ВО БАНКИТЕ ВО КОИ СЕ ВОДЕНИ ДЕПОНИРАНИТЕ ДЕВИЗНИ ВЛОГОВИ И ВО БРОКЕРСКИТЕ КУЌИ ЧЛЕНКИ НА БЕРЗАТА.**

**ПОДАТОЦИ ЗА ОБВРЗНИЦИТЕ ИЗДАДЕНИ ОД СТРАНА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА НАМИРУВАЊЕ НА ПОБАРУВАЊАТА НА ГРАЃАНИТЕ ПО ОСНОВ НА ДЕПОНИРАНИТЕ ДЕВИЗНИ ВЛОГОВИ**

**1.1 Податоци за должничката хартија од вредност**

- **вид на хартијата од вредност** — обврзници што гласат на име, се издаваат во нематеријализиран облик и се деноминирани во ЕВРО.

- **рок на достасување** — обврзниците се отплатуваат во полугодишни рати, а последната рата пристигнува на 1 октомври 2011 година.

- **каматна стапка и начинот на пресметување на каматата**

<u>Каматна стапка</u>

Каматната стапка изнесува 2% годишно.

<u>Пресметка на каматата</u>

Каматата на обврзниците се пресметува по стапка од 2% годишно и тоа на остатокот на расположивата главнина за наплата.
Пресметката на каматата се врши врз основа на бројот на изминатите денови поделени со 365 (односно со 366 за престапна година) и му припаѓа на сопственикот на обврзницата.

<u>Исплата на каматата</u>

Првата исплата на каматата ќе биде на 1 април 2001 година. Следните камати ќе се исплаќаат полугодишно до конечното исплатување на обврзниците до 1 октомври 2011 година по следниот план:

1 април 2001 година
1 октомври 2001 година
1 април 2002 година
1 октомври 2002 година
1 април 2003 година
1 октомври 2003 година
1 април 2004 година
1 октомври 2004година
1 април 2005 година
1 октомври 2005 година
1 април 2006година

1 октомври 2006 година
1 април 2007 година
1 октомври 2007 година
1 април 2008година
1 октомври 2008 година
1 април 2009 година
1 октомври 2009 година
1 април 2010 година
1 октомври 2010 година
1 април 2011 година
1 октомври 2011 година

Каматата ќе се отплатува во  денарска противвредност по средниот курс на ЕВРО од курсната листа на Народна банка на Република Македонија што важи на денот на пристигнување на обврзниците.Отплатата на каматата во рок од 30 дена од денот на пристигнувањето на обврзниците се врши по средниот курс на ЕВРО од курсната листа на Народна банка на Република Македонија што важи на денот на исплатата.

1.1.2 **Вкупниот износ на кој се издаваат обврзниците е во висина до 550.000.000,00 ЕВРА**

### 1.1.3 Гаранција

Обврзниците се гарантирани од страна на Република Македонија.

## 1.2 Амортизација на долгот

### 1.2.1 Отплата на номиналната вредност

Република Македонија обезбедува средства за отплата на еднаквите делови од главнината на обврзниците, кои ќе се отплатуваат по следната динамика:

| Датум на достасување на ратата | Рата на главнината |
|---|---|
| 1 април 2002 година | 1/20 |
| 1 октомври 2002 година | 1/19 |
| 1 април 2003 година | 1/18 |
| 1 октомври 2003 година | 1/17 |
| 1 април 2004 година | 1/16 |
| 1 октомври 2004 година | 1/15 |
| 1 април 2005 година | 1/14 |
| 1 октомври 2005 година | 1/13 |
| 1 април 2006 година | 1/12 |
| 1 октомври 2006 година | 1/11 |

| | |
|---|---|
| 1 април 2007 година | 1/10 |
| 1 октомври 2007 година | 1/9 |
| 1 април 2008 година | 1/8 |
| 1 октомври 2008 година | 1/7 |
| 1 април 2009 година | 1/6 |
| 1 октомври 2009 година | 1/5 |
| 1 април 2010 година | 1/4 |
| 1 октомври 2010 година | 1/3 |
| 1 април 2011 година | 1/2 |
| 1 октомври 2011 година | 1/1 |

Главнината на обврзниците ќе се отплатува во денарска противвредност по средниот курс на ЕВРО од курсната листа на Народна банка на Република Македонија што важи на денот на пристигнување на обврзниците.Отплатата на главнината во рок од 30 дена од денот на пристигнувањето на обврзниците се врши по средниот курс на ЕВРО од курсната листа на Народна банка на Република Македонија што важи на денот на исплатата.

### 1.2.2 Намени за користење на обврзниците

Обврзниците во номинална вредност може да се користат за:

- плаќање на со закон пропишаните обврски согласно член 109, став 2 од Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал за промена на интерните акции во обични акции;

-плаќање на надоместок за концесија и долгорочен закуп;

-купување и отплата на акции и удели од претпријатијата со општествен капитал во трансформација;

-плаќање за откуп на денарски побарувања, кои со Законот за санација и реконструирање на дел од банките во Република Македонија и се пренесени на Агенцијата за санација на банка,

-купување и отплата на станови во општествена сопственост;

-купување на деловен простор во сопственост на Република Македонија;

-плаќање за доделување и купување градежно земјиште во сопственост на Република Македонија;

-купување на земјоделско земјиште во сопственост на Република Македонија, и

-купување и отплата на државен капитал.

Обврзниците се користат за горенаведените намени во согласност со постојните законски прописи во кои е регулирано нивното остврување.

### 1.2.3 Застарување на побарувањата

Побарувањата врз основ на обврзниците не застаруваат.

## 1.3 Тргувањето со обврзниците

Тргувањето со обврзниците се врши преку Македонската берза на долгорочни хартии од вредност.

Тргувањето започнува на 19.09.2000 година.

### 1.3.1 Тргување со обврзниците на секундарниот пазар

Тргувањето на обврзниците што котираат на Македонската берза за долгорочни хартии од вредност се врши врз основа на пазарна цена, која не ја вклучува стекнатата камата, така што плаќањето по извршеното купување на обврзниците на секундарниот пазар се врши по цената по која се тргувало на Берзата зголемена за стекнатата камата за периодот од последната исплата на каматата се до денот на трансакцијата.
Со обврзниците можат да тргуваат домашни и срански физички и правни лица.

### 1.3.2 Порамнување на трансакциите со обврзниците

Порамнувањето на трансакциите со обврзниците се врши согласно Правилата на тргување на Македонската берза на долгорочни хартии од вредност-АД-Скопје.

## 1.4 Оданочување на приходите од обврзниците

Приходите врз основ на камата и капитална добивка на овие обврзници не се оданочуваат.

## 1.5 Регистрирање на обврзниците

Обврзниците се водат во Регистарот на обврзници во нематеријален облик до конституирањето на Централниот депозитар за долгорочни хартии од вредност.